Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 166/0306
07.05 2018 год.
Скопје

04.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2018 година, врз основа на примена жалба од Наум Стоилковски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „Мактел“ со текстот насловен „ Куртонот Наум Стоилковски од Нова се жалел во Совет за етика за напис на Мактел, еве го одговорот од Саше Политико“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 5 март 2018 година, новинарот Наум Стоилковски поднесе жалба за текстот насловен „Куртонот Наум Стоилковски од Нова се жалел во Совет за етика за напис на Мактел, еве го одговорот од Саше Политико“, објавен на 7 март 2018 година, на интернет порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи навреди и клевети поврзани со името и професионалниот ангажман на жалителот Стоилковски.

*„Во таканеречениот одговор, односно медумска содржина со навреди и клевети кон мене како личност и како професионален новинар, тој продолжува мојата работа да ја претставува како дел од „една мафијашка телевизија, Нова, која е продукт на украдени пари од ЕЛЕМ... хушкаше граѓанска војна што кулминираше со 27-ми април, во дел кој воопшто нема никаква врска со поднесената жалба, туку е клевета упатена кон мене и мојата работа, сакајќи да ме претстави како „Мафијаш“ и „Хушкач“ за настаните од 27-ми април, а сето тоа поврзано и зачинето со имиња од минатата владеачка гарнитура“,* се вели во поднесената жалба на новинарот Стоилковски.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Мактел“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Мактел“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 15:

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 април, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека текстот, всушност, е одговор на интернет порталот „Мактел“ на наводите на жалителот Стоилковски во случај по чија жалба веќе постапуваше Комисијата за жалби и донесе одлука на 12 март 2018 година. Но, по барање на жалителот дека се работи за нов текст, во кој Мактел го реобјавува својот одговор на наводите на жалителот, претходно доставен и до Советот за етика, Комисијата одлучи да постапува по нова жалба.

Членовите на Комисијата констатираа дека авторот во оспорениот текст користи непримерен речник кон својот колега, со што, отстапил од моралните стандарди на публиката на која и’ се обраќа.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 15 од Кодексот на новинарите, кој особено е нагласен во следните реченици:

***„Таа телевизија Нова, бранеше режим и мафија на власт, хушкаше граѓанска војна што кулминираше со 27-ми април, што е нешто максимално нечесно и зло над злоделата. Поради сето тоа, овој човек по сите мерила е КУРТОН и не знам зошто се жали за тоа, треба ли сега сите да се правиме дека не е куртон?!“.***

Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавност. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се’ додека тој не е навредлив и непримерен за публиката. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Мактел“ (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595